Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 124 и член 125 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-81 од 25.3.2026 година, за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1174/8 од 25.3.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 11. седница одржано на 25.3.2026 г. донесе

# ОДЛУКА

1. **СЕ ПОНИШТУВА ВО ЦЕЛОСТ** Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 година, поради тоа што радиодифузерот во целост ја исполни законската обврска за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, односно изврши уплата во износ од 118.740,00 (сто и осумнаесет илјади и седумстотини и четириесет) денари, согласно издадената Фактура бр.2026-100-0020 од 12.1.2026 г. (наш арх.бр.05-106/1 од 12.1.2026 г.).

2. Оваа одлука е конечна, истата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 10 седница одржана на 10.3.2026 г., по Предлог Уп1 бр.08-66 од 9.3.2026 г., поради прекршување на член 80 став 5, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6, во согласност со член 83 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), а врз основа на Заклучокот арх.бр.02-916/2 од 10.3.2026 г., покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 г., поради тоа што радиодифузерот не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 г., а согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата до наведениот радиодифузер испрати Известување Уп1 бр.08-66 од 10.3.2026 г., во кое му беше укажано дека доколку не го плати во целост

годишниот надоместок за дозволата, согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-66 од 9.3.2026 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-66 од 10.3.2026 г., беше доставено во писмена форма со препорачана пошта до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-66 од 9.3.2026 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ја исполни обврската предвидена во член 80 став 5 од ЗАВМУ, Директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-66 од 19.3.2026 г. по кој Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-1174/7 од 24.3.2026 г., на 11. седница одржана на 23.3.2026 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 г. со која се одзема Дозволата Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 г. за телевизиско емитување на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, поради тоа што имателот на дозволата не го плати во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Истиот ден (24.3.2026 г.), радиодифузерот на официјалната електронска адреса на Агенцијата извести дека неговата сметка е одблокирана и дека најдоцна до 25.3.2026 г., ќе изврши уплата на надоместокот за дозволата, за што ќе достави доказ. Доказот за извршената уплата на надоместокот за дозволата, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 25.3.2026 г. го достави на официјалната електронска адреса на Агенцијата.

На 25.3.2026 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх.бр.05-914/2 од 25.3.2026 г. дека ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 25.3.2026 година извршил уплата во износ од 118.740,00 (сто и осумнаесет илјади и седумстотини и четириесет) денари, со што годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Во согласност со член 17 од Законот за општата управна постапка (ЗОУП), јавниот орган е должен да им овозможи на сите странки во постапката да ги остварат и заштитат своите права и правни интереси на што е можно поефективен и полесен начин. Јавниот орган ги известува странките за законските одредби што се од важност за решавање на управната работа, за нивните права и обврски, вклучително и за сите информации поврзани со постапката и ги предупредува за правните последици од нивните дејствија или пропусти.

Членот 124 став 2 од ЗОУП пропишува дека управниот акт може во секое време да се огласи за ништовен по службена должност.

Во член 125 став 1 од ЗОУП пропишано е дека со поништувањето на управниот акт и со огласувањето за ништовен се поништуваат и правните последици што ги произвел таквиот управен акт.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 124 и член 125 став 1 од Законот за општата управна постапка, постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-81 од 25.3.2026 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, а согласно Заклучокот арх.бр.02-1174/8 од 25.3.2026 година, Советот на Агенцијата, на првото

продолжение на 11 седница одржано на 25.3.2026 година, одлучи како во диспозитивот.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против оваа одлука, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.